РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 02-1683/1
29.03. 2017 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 11, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-1541/1 од 28.03.2016 година, на 15-та седница одржана на 28.03.2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се одобрува Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор за 2016 година и Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2016 година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2016 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата)

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна до 31 март во тековната година, има обврска да даде отчет пред Собранието на Република Македонија, со доставување извештај за својата работа во претходната година.

Следствено на тоа, беше изработен Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година, кој согласно член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи: извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за 2016 година, извештај за реализацијата на Годишниот план за програмски надзор за 2016 година, финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2016 година и годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

На седницата Советот зазеде став дека во текот на 2016 година, телевизиите Сител, Алфа, Нова, Канал 5, 24 Вести, Телма и Шења, покажаа пристрасност кон одредени политички опции.

Советот го оцени негативно работењето и одлуките на Привремената комисија за следење на медиумското претставување која се формираше во Агенцијата на предлог на политичките партии.

Имајќи го предвид горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 11, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр.02-1548/7 од 28.03.2017 година, на 15-та седница одржана на 28.03.2017 година, донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за стратешко планирање и авторски права;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива
- Собранието на Република Македонија, како прилог на Годишниот Извештај за работата на Агенцијата за 2016 година